Јован ПЕЈКОВСКИ

**УДК: 331.56(497.7) „1997/2009“**

# РАСТОТ, ВРАБОТЕНОСТА И СОЦИЈАЛНИТЕ ПРОМЕНИ

***Кратка содржина***

*Високата стапка на невработеност во Република Македонија во еден подолг период ѝ создава проблем на активната популација, но исто така и неизвесност и за идните генерации кои стасуваат завршувајќи го образовниот процес и кои настапуваат на пазарот на трудот на кој долго се задржуваат како неактивни.*

*Оформувањето на прифатлив социјален модел е прашање кое покренува сериозни размислувања: како да се ограничат пазарните неуспешности и на нивно место институциите, а особено државата, локалната власт, да ги обликуваат општествените процеси и социјалните промени, како да го помагаат социјално загрозениот слој на население, особено за негово вработување, а да не се загрозат мотивите за работното ангажирање.*

*Поттикнувањето на вработувањето бара изготвување и иновирање на стретегии за вработување, на програми за поттикнување на претприемништвото и малите бизниси, потоа реформи во трудовото законодавство, а особено поттикнување на вработување невработени лица и социјално исклучени по разни основи, на државно, на општинско ниво и на ниво на индивидуални барања. Тоа доведува до посакувани социјални промени во општеството.*

***Клучни зборови:*** *НЕВРАБОТЕНОСТ, ВРАБОТУВАЊЕ, РАСТ, СОЦИЈАЛНИ ПРОМЕНИ, ПРЕТПРИЕМНИШТВО.*

Република Македонија во еден подолг период остваруваше ниски стапки на раст на бруто домашниот производ (БДП). По осамостојувањето во 1991 година, сè до 1995 година стапките на раст беа негативни. Во 1995 година нивото на БДП беше 80% од нивото од 1990 година. Во периодот од 1996 година до 2000 година стапката на раст на БДП се движеше во позитивна насока и на ниво од 1,2% до 4,5%, или просечно за

иститот период изнесуваше 2,3% годишно. Конфликтот во 2001 година влијаеше стапката на раст да биде негативна и изнесуваше -4,5%.

Во 2002 започнува позитивен раст на БДП од 0,9%, кој во 2003 година изнесува 2,3%. Од 2004 година до 2008 година стапките на раст на БДП се движат на ниво и над 4% (4,1%, 4,1%, 4,0%, 5,9%, и 4,9%). Според показателите на раст на БДП државата го достигна нивото на БДП од 1990 година дури во 2006 година, што може да се компарира и со процесите во другите земји во транзиција.

Карактеристично за македонската економија е високата стапка на невработеност која не се промени и покрај настојувањата на повеќе различни носители на власта и на економската активност, разни преземени мерки и активности во дводецениски период. Тоа го ограничуваше остварувањето на развојниот потенцијал со оглед дека голем број генерации остануваа неопфатени во продуктивно ангажирање. Поради тоа се губат бројни основи и дополнителни ефекти, се зголемува бројот на лица кои се социјално исклучени заради немање извор на приход, односно работно ангажирање, додека истите се консументи на социјалната потрошувачка или пак се навлезени во каналите на сивата економија.

Неколкугодишната позитивната динамика на раст на БДП, особено во 2007 и 2008 година, е прекината во 2009 година како влијание на екстерните фактори, односно светската економска криза. Македонската економија влезе во рецесија во првиот квартал на 2009 година кога стапката на раст на БДП е -0,9%, (во вториот квартал таа е -1,4%, во третиот е -1,8%, а во четвртиот е 1,2%) или вкупно за 2009 година падот е 0,7%. Се проценува дека неповолното екстерно влијание и натаму ќе биде присутно и во 2010 година во поглед на стеснување на можностите за динамизирање на растот и развојот на економијата, а со тоа и на социјалниот развој и заради тоа трошоците за социјалната сфера се зголемуваат.

Сите овие движења имаа силно влијание на општествените процеси и на реализацијата на економско-социјалните развојни цели во државата. Во подолг период се забавени социјалните промени кои водат кон подобар стандард и подобри социјални услови. Кои се причините за ваквите трендови и како да се промени нивниот тек кон позитивни движења? Во анализа на овие појави се тргнува од растот, развојните ефекти, транзицијата, трансформацијата и влијанијата кои тие ги предизвикаа врз развојните процеси, врз невработеноста и формирањето на пауперизиран социјален слој кој доминантно се изразува во општествената стратификација.

Моделот на транзиција и трансформација што се оствари во Република Македонија не придонесе да се формира динамичко развојно стопанство кое може да ги задоволи растечките потреби и социјални барања предизвикани со промените. Губењето на пазарите во поранешните

југословенски држави, блокадите кон север и од југ, заедно со економските ембарга и внатрешниот конфликт од 2001 година, создадоа бројни негативни перформанси кои влијаеа врз вкупните развојни ефекти. Смалениот обем на инвестиции во насока на економски динамизам и отворање на нови работни места не се остваруваа во посакуваниот обем за да ги прифаќа работоспособните генерации кои стасуваат за работно ангажирање.

Покрај тоа, одлагањето на приемот на Република Македонија во НАТО во 2008 година и запирањето, односно успорувањето на евроинтеграциските процеси заради ограничувањата од јужниот сосед го намали инвестицискиот интерес. Инвеститорите, странски и домашни, се воздржуваат во услови на рецесија, но и од потенцијална несигурност која со институционалното неприпаѓање во евроатланските структури го продлабочува јазот на заостанување. Со тоа во државата се губат позитивните ефекти кои произлегуваат од инвестициите и предностите што ги нуди огромниот европски слободен пазар кој базира на принципите на економијата на обем и на слободите на движење на факторите за производство.

Сето тоа придонесе да се формира состојба и социо-економско опкружување кое неповолно влијаеше на: животните услови, работните услови и општествените услови, односно на елементите кои го определуваат социјалниот и севкупниот развој. Тоа се одрази во намалување на стандардот на населението за време и во целиот период на транзиција, до појава на високи стапки на невработеност кои опстојуваат скоро дводецениски период, сиромаштија, висока домашна задолженост, надворешно-трговски дефицит, социјална поларизација што води кон социјални незадоволства и тензии.

Ваквите состојби создаваат скептичност кон новите вредности и пазарниот модел на работење кој станува неприфатлив за невработените, сиромашните и социјално исклучените, кои транзицијата и трансформацијата ја доживуваат негативно и несоодветно, како загуба на права кои претходно ги имале и како основ за губење на социјалните вредности од претходниот систем. Очекувањата дека „некој друг“, како на пример, државата или општината треба да овозможи отворање нови работни места се присутни во голем број. Таквите очекувањата се резултат на постојаните програмски најави на политичките претставници, особено во предизборните периоди и бројните ветувањата кои се добри доколку се остваруваат.

Стапката на невработеност која резултираше во високо ниво заради споменатите причини, а во дел е одраз и на транзицијата и трансформацијата, за периодот од 1997 година до 2009 година (по квартали) ја дава следната слика:

**Таб. 1.** Невработеноста во Република Македонија по години во проценти[1]

| **Година** | **Стапка на невработеност** |
|---|---|
| 1997 | 36.0 |
| 1998 | 34.5 |
| 1999 | 32.4 |
| 2000 | 32.2 |
| 2001 | 30.9 |
| 2002 | 31.9 |
| 2003 | 36.7 |
| 2004 | 37.2 |
| 2005 | 37.6 |
| 2006 | 36.0 |
| 2007 | 34.9 |
| 2008 | 33.8 |
| 2009 | |
| Прв квартал | 32.7 |
| Втор квартал | 31.9 |
| Трет квартал | 31.7 |
| Четврти квартал | 32.4 |

Овие податоци упатуваат дека процентот на невработеност и натаму е висок, односно развојните процеси, како и транзицијата и трансформацијата, не создадоа услови за промена на динамиката на економските активности и за поголема вработеност на граѓаните, односно за квалитетни социјални промени.

Постојат оценки дека бројот на невработени лица не е во обем како што официјалните органи (АВРМ и ДЗС) го прикажуваат со оглед дека не се опфатени лицата кои се на привремена работа во странство како сезонски работници, а се водат во евиденцијата на невработените, потоа лицата кои вршат повремни градежни работи во земјата или во странство, а сè уште се пријавуваат како невработени, корисници на социјална помош кои вршат повремени работи (занаетчиски, земјоделски, во домаќинствата итн.).

Од друга страна анализата на активното население и стапките на активност компарирани во годините 1998, 2002 и 2008 (избрани како репери заради компаративни цели) даваат показатели кои се прикажани на следната табела:

[1] Извор: Државен завод за статистика, 2009.

**Таб. 2:** Активно население и стапки на активност[2]

| | 1998 | 2002 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Активно население** | **823.826** | **824.824** | **919.424** |
| Мажи | 506.835 | 501.923 | 561.705 |
| Жени | 316.990 | 322.901 | 357.719 |
| **Стапка на активност** | ***54.8*** | ***52.6*** | ***56.3*** |
| Мажи | 67.4 | 63.7 | 68.8 |
| Жени | 42.2 | 41.5 | 43.8 |
| **Вработени** | **539.762** | **561.341** | **609.015** |
| Мажи | 341.876 | 342.779 | 373.483 |
| Жени | 197.886 | 218.562 | 235.532 |
| **Стапка на вработеност** | ***35.9*** | ***35.8*** | ***37.3*** |
| Мажи | 45.4 | 43.5 | 45.7 |
| Жени | 26.3 | 28.1 | 28.8 |
| **Невработени** | **284.064** | **263.483** | **310.409** |
| Мажи | 164.959 | 159.144 | 188.222 |
| Жени | 119.104 | 104.339 | 122.187 |
| **Стапка на невработеност** | ***34.5*** | ***31.9*** | ***33.8*** |
| Мажи | 32.5 | 31.7 | 33.5 |
| Жени | 37.6 | 32.3 | 34.2 |

Стапката на невработеност како појава е повисока од стапката на вработеност до 2006 година, што како тренд упатува на неискористен работен потенцијал кај граѓаните и високо ниво на невработеност поради транзиција и трансформација што ги намалија можностите за растеж и развој, односно за отворање нови работни места. Од 2007 започнува процес на раст на активното население при што стапката на вработеност е повисока од стапката на невработеност (36,2% наспроти 34,9%). Овој тренд продолжува и во 2008 година и соодносот е 37,3% стапка на вработеност, наспроти 33,8% стапка на невработеност и стапката на активност се зголемува и изнесува 56,3%. Треба да се има предвид дека долгорочната невработеност во Република Македонија и структурата на невработените кои бараат работа над една, две, или повеќе години, учествуваа со 40% во вкупната невработеност. Во структурата се среќаваат и млади неквалификувани работници кои се пријавуваат но не наоѓаат работа. Проценка е дека околу 20% од вкупниот број невработени се лица кои ги изгубиле работните места како резултат на транзицијата и трансформацијата. Тоа упатува на заклучок дека главна пречка за пониски перформанси во отворање на нови работни места не се само транзиционите и постранзиционите промени туку неможноста за структурни при-

[2] Државен завод за статистика

лагодувања на македонската економија и неотворање можности за динамизирање на инвестициите и користење на предностите на пазарот на трудот. Покрај тоа разните административни ограничувања и бариери за поголем влез на претприемачите и малите бизниси во македонската економија ја стеснуваат можноста за активност и нови вработувања.

Учеството на жените во вкупниот број на вработени е пониско од учеството на мажите што соодветно се рефлектира и кај стапката на вработеност на женската популација. Така во 1998 година жените учествуваат со 36.7% од вкупниот број вработени, во 2002 година со 38.9%, а во 2008 година со 38.7%. Ако се компарираат стапките на активност следи дека жените заостануваат со по 20-25 индексни поени во однос на мажите. Кај стапката на невработеност разликата е помала и се движи на ниво од 0,6 до 5,1 индексни поени. Може да се заклучи дека помал е бројот на жените кои бараат работа во однос на мажите за околу 50-60.000 лица, но помал е и бројот на вработени жени во однос на мажите за околу 130.000.

Стапката на вработеност во Република Македонија е само дветретини од просечната стапка на вработеност во 27-те земји на Европската унија, иако во последниве години има нагорен тренд. Ниската вработеност во Македонија подразбира недоволна искористеност на работната сила. Власта и надлежните органи имаат поставено национална цел за постигнување на стапка на вработеност од 48% до 2010 година. Сепак, достигнувањето на оваа цел (која како ниво е пониска во однос на европската цел) изгледа нереално со оглед дека економијата треба да отвори повеќе од 86 илјади нови работни места во краток период, што е околу 14% од вкупната вработеност (работни места).

Во држава во која долги години опстојува висока стапка на невработеност, итноста од креирање и имплементирање одговорна и ефективна политиката на вработување е од највисока важност. Кога се разгледуваат приоритетите на вработувањето, треба исто така да се земат предвид другите неповолни индикатори на пазарот на трудот, како што се: значителното ниво на непријавена работа, која според некои пресметки претставува 33 до 37 проценети од БДП; ниско квалификувана работна сила, со приближно две петини лица со ниски квалификации; повисоки стапки на невработеност меѓу ранливите групи итн.

Високата стапка на невработеност која во подолг временски период се одржува, е основниот показател дека неминовно постои, а веројатно и во иднина ќе биде присутна неформалната економија како единствен социјален канал за прераспределба на приходите во државата. Барањето егзистенција во услови на смалени работни можности и ангажирања, при смалена побарувачка и во услови на криза односно со намалени стапки на раст на БДП е неминовност со оглед дека не се создаваат

пазарни можности за поголемо претприемничко и легално ангажирање. Иако се прават институционални напори за поттикнување на самовработувањето и претприемништвото, на малите бизниси и на занаетчиството, сѐ уште, не се појавува динамичен раст кој доведува до економски и социјален развој, до отворање на нови работни места во формалниот сектор што води кон тоа да се намалува интересот за неформалниот сектор.

Според проценките во Република Македонија учеството на неформалната економија во бруто домашниот производ се движи на ниво од 40-45% што е доста високо. Останува обврската на системот со разни дополнителни мерки да влијае за да неформалната економија ја трансформира во формална, а со тоа би се отстраниле проблемите од типот: невработеност, корупција, нефункционирање на правната држава, судскиот систем, контролните и инспекциските органи.

Врз основа на изнесеното може да се оцени дека постојат неколку основни причини за високата и постојана невработеност во Република Македонија, и тоа:

1. специфични регионално-економски и политички фактори кои влијаеа во губењето на традиционалните пазари на земјата и бавното воспоставување нови;
2. процесите на транзиција и трансформација кои не создадоа можности за отворање нови работни места, а влијаеа со одреден процент во создавањето на невработеноста;
3. методот на приватизација со откуп на претпријатијата од страна на работниците и менаџментот кои не создаде интерес за инвестициона основа;
4. динамиката на пазарот на труд каде преовладуваат ниски стапки на креирање на нови работни места по разни основи;
5. високите трошоци за работна сила кои се значаен инпут во ефектите од работењето и кои делумно ја поттикнуваат сивата економија;
6. демографските притисоци од големиот број на потенцијални нови учесници на пазарот на труд.
7. ниското ниво на инвестиции и програми за поттикнување на вработувањето во државата, во општините, а особено во економски депримираните и недоволно развиени региони и населени места.

Подобрувањето на овие неповолни показатели на работната сила секако дека зависи од спроведување на сеопфатна макроекономска политика, како и од позасилен економски раст. Сепак, дел од состојбите со вработеноста можат да се подобрат и преку преземање одредени мерки во делот на институционалното, административното и законското рако-

водење на политиките за вработување. За таа цел, се истакнуваат разни приоритети, и со нивното спроведувањето би се подобриле состојбите со невработеноста и шансите на пазарот на трудот.

Лоцирањето на причините за долготрајната невработеност, следење на индикатори кои детектираат ефекти од преземените активни мерки (или пак упатуваат на негативната зона на делување од одредени политики) станува предуслов за отстранување на пречките кои ја создаваат долготрајната невработеност. Станува неопходно донесувањето на мерки со индивидуализирани програми и активни делувања заради отстранување на пречките за вработување на долготрајно невработените кои стануваат стигматизирани и социјално исклучени. Со спроведување на иницијативи за јавни работи во региони во кои значаен дел од населението е изложен на социјални ризици и невработеност се овозможуваат привремни ангажирања но и приходи кои значат обезбедување на подобра егзистенција и услови за натамошно ангажирање на лицата.

Во различни анкети и емпириски студии кои се правени се констатира дека граѓаните оценуваат дека транзицијата и концептот на приватизација што се спроведоа во Република Македонија нема да ја подобрат нивната положба. Кај нив отсуствуват идеи за економски перспективи, за инвестиции, раст и развој во услови на пазарна економија и пазарно работење. Промените се констатираат повеќе од аспект на бројните проблеми кои се изразија на разни нивоа на социјалното живеење. Особено изразената невработеност и сиромаштија се меѓу првите и најзначајни карактеристики кои се поврзуваат со транзицијата и трансформацијата. Оттаму потребата за решавање на овие состојби и за што поголем обем на нови вработувања се предуслови кои можат да ги променат негативните перцепции и директно да се одразат на условите за живот и на стандардот на граѓаните, односно за нивно поголемо вклучување во развојните процеси и општественото живеење.

Сите овие причини заедно со екстерните влијанија и динамики придонесоа за неповолните појави кои во поголем обем влијаат делови од населението да немаат пристап до можностите за вработување. Преку тоа тие се исклучени од можностите за остварување било каков приход, од придобвиките кои постојат во заедницата и од шансите за подобар личен живот и повисок стандард на семејството. Заради тоа овие оценки покренуваат обврска пред надлежните институции и органи за преземање мерки кои ќе создаваат услови за позитивни социјални промени и ангажирање на граѓаните во работните и општествените процеси.

Иако во услови на криза во повеќе земји се случува раст на невработеноста, во Република Македонија се случуваат два одделни процеса. Од една страна падот на индустриското производство и извозот доведе и до пад на растот на БДП со што државата влезе во зоната на реце-

сија во средината на 2009 година. Но во исто време се појавува раст на вработеноста и пад на стапката на невработеност. Овие појави бараат поширока елаборација и анализа која го надминува дометот на трудот. При компарирање на резултатите треба да се имаат предвид разликите во методологиите што се применуваат во Државниот завод за статистика, (евиденција врз основа на доставени податоци од правните лица или од анкетата за работната сила), во Агенцијата за вработување (врз основа на број на пријавени лица кои бараат работа) и во Управата за јавни приходи (евиденција врз основа на исплатени плати) и се чини како да се искажуваат различни показатели за исти појави. Разликите поризлегуваат од методолошките пристапи и согледувања што се вршат врз основа на одделни дефинирани цели и методологии кои треба да се имаат предвид при компарирањето на показателите.

Ниската вработеност е карактеристична за сите групи на пазарот на труд, а особено на оние со пониско образование. Иако самовработувањето може да се смета како ефикасно средство за намалување на невработеноста во средини каде креирањето на нови работни места е ниско, самовработувањето е поврзано и со ниска социјална сигурност поради тоа што отпочнувањето на сопствен бизнис во Република Македонија честопати е резултат на неможност да се најде друга работа и извор на егзистенција. Поради тоа граѓаните полесно се определуваат за нископродуктивна дејност која се одвива во неформалната економија и за која не е потребен голем обем на инвестициони средства.

Високото ниво на долгорочна невработеност во земјата имплицира на тоа дека практично сите невработени имаат потешкотии при наоѓање работа. Сепак, во административната евиденција на невработени лица се вбројуваат и лица кои не бараат работа и/или лица кои работат во сивата економија.

Невработеноста на младите е уште еден предизвик за политиката за вработување. Значителни промени се потребни во неколку области за да им се помогне на младите луѓе при влезот на пазарот на трудот веднаш да најдат работа. Со тоа се овозможува и нивното социјално вклучување, а мерките во таа функција може да се обликуваат и тоа:

1. Микроекономските политики, заедно со поддршката на локалните заедници, треба да го поттикнат отворањето на нови работни места, додека пак поинтензивниот економски раст надополнет со пофлексибилно законодавство треба да придонесат за поголема динамичност на пазарот на труд.
2. Немањето претходно работно искуство ги прави младите лица неконкурентни на пазарот на труд во однос на другите работници, поради што активните политики треба да им помогнат на

младите луѓе да се здобијат со искуство (претходни практични ангажирања за време или после едукативниот процес, практиканство, задолжителна пракса за време на школувањето).

3. Постои потреба за поголемо приспособување на образованието и системот за обука и тренинг во насока на создавање вештини и квалификации кои одговараат на потребите на фирмите за одделни практични ангажмани.
4. Релативно високиот индивидуален принос од образованието во Република Македонија веројатно обезбедува доволен поттик за да лицата се стекнат со повисоко образование, меѓутоа владините институции мора да ја подобрат нивната способност за обезбедување на квалитетни информации за бараните вештини.
5. Потребно е да се обезбедат попрецизни и навремени информации за бараните вештини кои, исто така, би биле инпут во дефинирањето на политиките на образование и тренинг, на сите нивоа и сегменти.

Микроекономските реформи треба уште повеќе да ја подобрат деловната клима зарди олеснување на аминистративните процедури за отпочнување и раст на фирмите. Овие зафати, заедно со мерките за намалување на трошоците за работна сила, ќе го поттикнат создавањето на нови работни места, имајќи ја предвид недоволната побарувачка на работна сила.

Координираните макроекономски политики треба да ја зачуваат тековната стабилна средина, но истовремено и да овозможат поголема динамика во економијата. Започнувањето на инвестициона активност базирана на користење на домашни ресурси[3] и работна сила ќе значи двоен поттик и за домашните стопански субјекти и за граѓаните кои работно ќе се ангажираат. Иако ваквите концепти може да бидат оценети како непазарни, во услови на рецесија преземањето мерки со кои се поттикнуваат домашните фактори на производство станува неминовност до воспоставувањето на динамичен економски раст.

Креаторите на политиката треба да бидат свесни дека, на среден рок, главните предизвици за макроекономска политика ќе произлезат од номиналната (и реалната) конвергенција кон ЕУ, заради што политиките мора да се прилагодуваат во рана фаза на координација со политиките на европските земји.

Во однос на понудата на пазарот на трудот, политиката на вработување и пошироките економски политики треба да обезбедат поттик за

[3] Конгресот на САД во декември 2009 година увои законски пакет каде предвидува субвенции од 70 милијарди долари за инфраструктурни инвестиции, како неопходност за економски раст, но сè што ќе се гради мора да биде со користење на челик и цемент произведени од компании од САД.

поголема активност, како и да осигураат дека понудените вештини и знаење одговараат на потребите на пазарот. Укажувањата кои се добиени од одделни стопански комори е дека пазарот на трудот во Република Македонија не ги нуди потребните квалификации кои се неопходни за пропулзивните дејности и гранки, а особено за оние потреби кои се кореспондентни со пазарните коњуктурни процеси во светски рамки.

Националните приоритети за дејствување треба да се усогласат или да се идентични со оние кои се идентификувани во ревидираната Лисабонска стратегија за раст и работни места,[4] а тоа се:

1. да се привлечат и задржат повеќе лица во вработеност, да се зголеми понудата на работна сила и да се модернизираат системите за социјална заштита,
2. да се подобри приспособливоста на работниците и претпријатијата,
3. да се зголемат инвестициите во човечки капитал преку подобро образование и вештини кои се прилагодени на потребите на домашниот пазар на труд.

Реализацијата на овие европски цели е во согласност со оформените цели и политиката која се креира и се промовира на макроекономско и системско ниво во Република Македонија, а е во насока на развоен динамизам и повисоки економски перформанси.

Поттикнувањето на вработувањето бара изготвување и иновирање стретегии за вработување, на програми за поттикнување на претприемништвото и малите и средни претпријатија (МСП), потоа реформи во трудовото законодавство, а особено поттикнување на вработување на сите нивоа, на државно, на општинско и на ниво на индивидуални барања.

Основните оперативни стратешки цели и нивната реализација претпоставуваат:

1. Создавање поттикнувачки амбиент за развој на МСП,
2. Елиминирање на пречките за бизнисот,
3. Јакнење на институционалната поддршка на претприемништвото,
4. Јакнење на финансиската поддршка на малите и средни претпријатија,
5. Воспоставување на систем за постојано следење и помагање на МСП,
6. Поттикнување на конкурентноста и на извозот на МСП,

[4] Документ на Европската унија со намена за зголемување на растот и вработеноста во ЕУ.

7. Потткнување на иновациската и технолошката конкурентност на МСП,
8. Современо образование според потребите на бизнисот,
9. Поддршка, примена и развој на информациско-комуникациони технологии,
10. Промоција на претприемништвото и на инвестициите за отворање нови работни места.

Бројните млади и едуцирани генерации кои стасуваат, својот работен и животен век очекуваат да го остварат во рамките на единствената отворена европска средина и глобалната светска сцена, визија и реалност што е трасирана од нивните претходници. Исто така, претприемачите, инвеститорите, бизнисмените, својата шанса ја гледаат во растеж и во развој кој ќе ги оствари нивните очекувања врз единствени европски основи и принципи кои се познати насекаде.

Оттаму предвидувањето, планирањето и дефинирањето на развојните приоритети е суштинската основа за формулирање на стратегијата и политиката за растеж и развој на земјата, на долг, среден и краток рок. Во тие рамки и социјалниот развој и социјалните промени ќе значат натамошно проширување на условите и можностите за реализирање на подобар стандард и квалитет на животот врз основа на принципите што се респектираат на европскиот континент.

Прашањата кои се поставуваат се: Кои мерки треба да ги оствари државата за да можат инвеститорите и поединци да вложуваат и да заработуваат повеќе и со тоа сите граѓани да живеат подобро во здрава средина? Како да се унапредат животните и работните услови, како и општествените услови во целина? Како да се вклучат што поголем број граѓани во развојните, економските и социјалните процеси во државата со што се намалува социјалната исклученост? Дали тоа ќе значи напуштање на досегашните развојни и макроекономски концепти и согледување само на квалитетот на животот и стандардот како мерила за успешноста на определени политики и стратегии за развој. За нивно менување и развој, неопходните инвестиции треба да бидат обезбедени со поттикнување на домашните и странските инвеститори. Ако се има предвид дека за стратешките цели се потребни инвестиции на ниво на една четвртина до една третина од бруто домашниот производ, дали е можно и одржливо тоа ниво и како да се обезбедат дополнителни извори на средства за инвестициона намена? Ако домашната маса на инвестиции е скромна, ако странските инвестиции не се според очекувањата, тогаш има ли реалност оваа апроксимација на стратешкиот развој, или се работи само за визија без реална основа?

Секако промените на концептите, ангажирањето на сите можности и извори на средства кои се присутни во разни облици во одделни земји се само дел од можните политики и стратегии кои може да се употребат за да се поттикне развојот и да се остваруваат социјалните промени. Со поттикнување на приватниот капитал и со инвестиции преку моделот на приватно-јавно партнерство, како и низ иновативни и современи инвестициони форми, може да се очекува поголемо инвестирање и во социјалната сфера, а со тоа поголеми изгледи за социјален развој.

За остварување на стратешките цели институциите, власта, државната управа и општините неопходно е да се организирани и ефикасни во дефинирањето и имплементирањето на нов концепт за ефикасна и рационална микродржава која нема да го кочи системот и развојот. Со намалување на бирократијата и со воведување на конкуренција во јавните установи и институции, како и со јакнење на социјалното претприемништво, се ослободуваат силите и потенцијалите за ангажирање на секој поединец, за поефикасна но и поевтина држава и за социјална кохезија во општеството.

Создавањето услови за развој, јакнење на приватната иницијатива и вложувања, слободно дејствување на пазарните механизми и привлекување странски инвестиции, се задачи за кои администрацијата на сите нивоа е должна да ги реализира како основа за остварување на барањата на граѓаните. Тоа се и основите за развој базирани врз реални услови, ресурси и можности за побрз растеж и развој.

Активните програми и политики за вработување треба да бидат отворени спрема сите неактивни лица, со зајакнување и поттикнување на претприемништвото и иновативноста, преку создавање услови и можности за отпочнување на нови бизниси, како и за подобрување на конкурентноста на постоечките мали и средни претпријатија. Неопходно е оформување на модел за мерење на иновативноста во Македонија преку разни индикатори дефинирани од Европската унија заради креирање на политики од страна на релевантни институции во функција за подигање на свеста за иновации и поттикнување на иновативните процеси како основа за поголема вработеност. Покрај тоа со определување на стратешки основи за развој на занаетчиството во Македонија треба да се дефинираат правците за развој на занаетчиството заради негово зачувување и заживување и за поголемо вработување на населението.

Неопходно е создавање на „зони за вработување“, како механизам за насочување и концентрација на политиката и средствата за вработување во одделни урбани и рурални средини, а особено во подрачја со високи стапки на невработеност. Во овие зони би се предвидувале гаранции за вложувањата и партнерство на инвеститорите со државата или општината, како и давање бенефиции (локации, инфна домашните и

странските инвеститори (локации, инфраструктура, покривање на дел од трошоците и слично) заради поголеми инвестиции и за отворање нови работни места. Ваквите зони би значеле и можност за инвеститорите да користат субвенции и/или бенефиции за едукација за вработување, за преквалификација, даночни олеснувања и долготрајни бенефиции, а особено доколку постои раст и се отвораат нови работни места во одредена динамика. Ваквите зони може да прераснат во модел за решавање на високата концентрација на невработеност, особено во неразвиените региони, во недоволно развиените делови и ридско планинските краишта каде прагот на интересот за инвестиции е ограничен.

Претприемништвото како движечка сила на пазарните односи и на ангажирање на факторите за производство несомнено дека бара услови и поддршка кои ќе го воспостават системот на претприемничко ангажирање на граѓаните во сите сфери на делување. Тоа претпоставува создавање услови и можности за зголемувањето на бројот на МСП со што се зголемува шансата за вработувања во нив. За таа цел неопходна е промоција на нефинансиски и финансиски форми и програми на поддршка на претприемништвото, подигање на јавната свест за значењето на претприемништвото, подобрување на вештините на препремачите заради конкурентноста на постоечките претпријатија, овозможување стопанска активност за нови вработувања и позитивни социјални промени.

Со давање помош за учество во проекти, навремени информации за објавени тендери, повици во рамки на ИПАРД, ФП7 и други програми и фондови на ЕУ до кои македонските компании и институции имаат пристап се поттикнуваат формите на делување на пазарот на трудот и се овозможува поголема активност за претприемачите. Преку поддршка на бизнис центрите, бизнис инкубаторите и техничко-технолошките паркови и со зајакнување на капацитетот на постојните регионални центри, со развој на бројни програми кои ќе обезбедат нови деловни врски низ светот, може да се шири просторот на делување на компаниите. Ова е особено важно за развој на пазарот и на капацитетите на МСП, со основање на нови и поддршка на постојните деловни инкубатори со што се обезбедуваат бројни услуги за деловна поддршка на малите и средните претпријатија. Поддршка на работењето на центрите за трансфер на технологија, исто така, е неопходна со цел подигање на свеста за важноста на примената на новата технологија, полесен трансфер на новата технологија и развој на центри за истражување и развој. Со размена на искуства за развој и унапредување на претприемништвото, менаџментот, техниките на водење преговори, нови маркетиншки стратегии, методи на продажба, современи техники за освојување на нови пазари и други активности се создаваат можности за нови работни места и за подобри социјални промени.

## Литература

Blue Ribbon Commission, 2007. *UNDP: Blue Ribbon Report.*

By Chris Flavin, Gary Gardner, Thomas Prugh, and Linda Starke: *State of the World 2008: Ideas and Opportunities for Sustainable Economies Published by Earth scan,* 2008 ISBN 1844074986, 9781844074983.

Влада на РМ, 2009. *Претпристапна економска програма 2009-2011,* Скопје.

Група автори, 2007. *Од исклученост до еднаквост,* Кундик, Женева.

Група автори, 2008. *На патот кон ЕУ,* Министерство за труд и социјална политика, Скопје.

Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели Влада на Р. Македонија, 2009, Скопје.

Министерство за финансии, 2008. Годишен економски извештај за Република Македонија, Скопје.

Министерство за економија, 2009. Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020, Скопје.

Мојсоска-Блажевски Н., и други, 2009. *„Пазарот на трудот во ПЈР Македонија"* изд. Европска комисија, ГД за вработување, социјални прашања и еднакви можности.

УНДП, 2008 и 2009. *Граѓански засновани анализи,* Скопје

World Bank: *World development report 2009: reshaping economic geography* Published by World Bank Publications, 2008 ISBN 0821376071, 9780821376072

Jovan PEJKOVSKI

## INCREASING EMPLOYMENT AND SOCIAL CHANGE

**Abstract**

High unemployment rates that exist in Macedonia for a longer period created problems of active population, but also uncertainty and for future generations who come completing the educational process and who appear on the labor market; on which long period of time remain as inactive.

The formation of an acceptable social model is an issue which raises serious considerations: how to restrict market imperfections and on their place institutions, especially state, local governments, to shape social processes and social changes, how to help vulnerable laser of population, especially for his employment, not to endanger the reasons for working engagement.

Encouraging employment requires preparation and innovation of strategy for employment, programs to encourage entrepreneurship and small businesses, then reforms in labor legislation, particularly encouraging employment of unemployed and socially excluded persons on various grounds, state, municipal level and the level of individual requirements. This leads to desirable social changes in the society.

**Key words:** UNEMPLOYMENT, EMPLOYMENT, GROWTH, SOCIAL CHANGES, ENTREPRENEURSHIP.